1800 medicare
1800 633 422

# 1800MEDICARE – бесплатни здравствени совети достапни 24/7 и поврзување со соодветна нега во вистинско време.

## Што е 1800MEDICARE?

1800MEDICARE е бесплатна телефонска линија (1800 633 422), веб-страница и апликација кои овозможуваат пристап во секое време (24/7) до здравствени информации и совети од експерти и ве поврзуваат со соодветната нега во вистинско време. Услугите на 1800MEDICARE се достапни и бесплатни за секого во Австралија, без оглед каде живеете – во секое време од денот и ноќта.

## 1800MEDICARE нуди:

### Телефонска линија на 1800MEDICARE | 1800 633 422

Секој во Австралија може да се јави на 1800 633 422 за бесплатни здравствени совети и поддршка – без разлика дали се јавувате за себе, за дете, за постар роднина или за лице за кое се грижите.  Кога ќе се јавите на 1800MEDICARE, ќе разговарате со регистрирана медицинска сестра за она што ве загрижува во врска со вашето здравје. Медицинската сестра ќе ве праша за вашите симптоми и ќе ве насочи кон соодветната нега, било да станува збор за тоа како да се грижите за себе дома или за добивање помош од здравствена служба во вашата област, како што е ординација на матичен лекар (GP), клиника за итна нега на Medicare (Medicare Urgent Care Clinic), аптека или оддел за итни случаи.

### Веб-страница на 1800MEDICARE | medicare.gov.au/1800-translated-resources

На веб-страницата можете:

- да се јавите на телефонската линија (од вашиот мобилен телефон)
- да ги проверите вашите симптоми
- да најдете здравствени служби во ваша близина
- да побарате информации за лекови
- или да најдете повеќе информации за други услуги на Medicare

### Апликација на 1800MEDICARE

Апликацијата на 1800MEDICARE е безбеден и практичен начин да ги прегледате клучните здравствени информации кои вие, вашите даватели на здравствени услуги или вашите застапници сте ги поставиле во „My Health Record“ (Мојот здравствен картон). Апликацијата ја дополнува телефонската услуга на 1800MEDICARE и нуди практичен начин за пристап до здравствени совети и информации. Можете да ја преземете апликацијата на вашиот телефон или таблет –  таа е брза, едноставна за користење и безбедна – и ви овозможува пристап и споделување на сите тие информации  на дланка. За помош како да ја поставите апликацијата, посетете ја веб-страницата www.digitalhealth.gov.au/1800MEDICAREapp.

### Повеќе информации

За да дознаете повеќе за 1800MEDICARE и да ја најдете соодветната нега во вистинско време:

- јавете се на 1800MEDICARE на 1800 633 422
- Ако англискиот не ви е главен јазик што го користите и ви треба толкувач, можете да се јавите во TIS National на 131 450 и да побарате да ве поврзат со 1800MEDICARE или 1800 633 422
- посетете ја веб-страницата medicare.gov.au/1800-translated-resources
- преземете ја апликацијата на 1800MEDICARE.

Во итен случај, секогаш јавете се на три нули (000) или веднаш одете во најблискиот оддел за итни случаи.